


МАКЕДОНИЈА 14. НОЕМВРИ 2022

# ЗНМ бара итна и ефикасна истрага за напаѓачот на снимателот на ТВ24

Like 0 Share Tweet

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага за денешниот напад кон колегите од ТВ24.

Имено, денеска, за време на снимање на инсерти за видеоприлог за потребите на телевизијата, вербално, а потоа и физички бил нападнат снимателот од страна на едно лице.

-ЗНМ веднаш контактираше со снимателот на ТВ24 Љубиша Игнатов, и тој ни потврди за овој инцидент и ни даде конкретни информации: ,,Додека снимавме инсерти на ул. Пржино, куќа 28/б, во која според избирачки список живее Олександр Онишченко, сопственикот на куќата, извесен Миле, физички ме нападна откако упати пцости и погрдни зборови кон мене. Лицето замавнувајќи со лактот ме удри во пределот на главата и вратот ”, изјави Игнатов - велат од ЗНМ.

Случајот е пријавен во Министерството за внатрешни работи.

-ЗНМ бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот. ЗНМ веднаш контактираше и со Скопското јавно обвинителство со обвинителката Искра Хаџи Василева која е назначена за предмети поврзани со напади врз медиумски работници за понатамошно процесирање

на случајот. ЗНМ ќе ја следи истрагата и ќе инсистира на одговорност од страна на лицето кое физички го нападнал колегата снимател Игнатов и го спречил физички да ја изврши својата работа - се вели во соопштението на ЗНМ.

Од таму потенцираат и дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик, а МВР и ОЈО треба итно да ги истражат и процесираат, со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина, велат од ЗНМ.

**0 comments** Sort by Oldest



Add a comment...

## ИЗДВОЕНО



**Отворени голем број на работни позиции во државни институции - еве до кога е аплицирањето**




**Заканите за поставени бомби го отворија прашањето: Родителите бараат премин на он лајн настава**